**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ
НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО 2020 ГОДИНА

Скопје, јануари 2021 година

## I. Надлежности и состав на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор е формиран со решение на Владата на Република Северна Македонија на 3.4.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.66/18, 123/18 и 228/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.110/19, 187/19, 263/19, 44/20 и 257/20), а врз основа на член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 98/16, 164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр. 97/19).

Советот е составен од 31 член назначени од Владата, од кои 15 членови од редот на вработените во органите на државната управа: Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Секретаријат за европски прашања и Агенција за млади и спорт и 16 членови на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик, за областите:развој на граѓанскиот сектор, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, земјоделство и рурален развој, култура, медиуми и информатичко општество, заштита на животната средина, спорт и ЕУ интеграции и политики. Мандатот на претседателот и членовите на Советот е три години, со право на уште еден избор. Составот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и присуството на членовите на седниците на Советот во текот на 2020 година се дадени во Прилог бр.1, кој е составен дел на овој Извештај.

Советот, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, надлежен е да: ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор; иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор; го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор; учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата; дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување; дава предлози при планирањето на

областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот; ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки; разгледува предлози на организации и зазема ставови по прашањата од негова надлежност; усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

Административно-техничките работи на Советот ги врши Генералниот секретаријат на Владата – Одделение за соработка со невладини организации.

## II. Одржани седници и разгледани материјали од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2020 година

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од своето формирање до крајот на 2020 година одржа вкупно 27 седници, од кои 9 седници беа одржани во текот на 2020 година. Седниците на Советот во 2020 година се одржаа како дописни седници, согласно Деловникот за дополнување на деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, бр.38-29/1 од 28.10.2019 година, освен 23. седница која беше одржана со физичко присуство и со запазување на сите препорачани мерки за заштита од КОВИД 19. Дваесет и шестата седница на Советот (7.12.2020 година) беше тематска,во врска со финансиската поддршка на здруженија и фондации од Предлог-Буџетот на Република Северна Македонија во 2021 година.

Во текот на 2020 година, Советот за соработка со развој на граѓанскиот сектор разгледа вкупно 16 материјали, од кои 10 на предлог и/или подготвени од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, 1 на предлог на член од редот на вработените во органите на државната управа (Министерство за труд и социјална политика) и 5 на предлог на членови од редот на организациите.

На предлог на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат:

- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година,
- Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2019 година,
- Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата,
- Предлог-одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата,

- Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата (со образец на Пријава со предлог-проект и образец на Буџет со оправданост на трошоци),
- Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година,
- Извештај за спроведените активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020),во 2020 година,
- Прегледна нереализирани активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020),
- Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година,
- Преглед на активности по Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

На предлог на членовите од редот на вработените во органите на државната управа:

- Тематски приоритети на грантисти на Цивика мобилитас (по Платформи за соработка), на предлог на Министерството за труд и социјална политика,

На предлог на членовите од редот на организациите:

- Реакција на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за намалување на финансиската поддршка за граѓанските организации,
- Информација за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“,
- Извештај на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од учество во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата,
- Соопштение до јавноста по повод учеството на членовите на Советот во работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата,
- Записник од спроведениот консултативен процес со здруженијата и фондациите од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по текстот на „Анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017г. до првата половина на 2019г.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на

Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ проектите во РСМ.

Материјали, мислења и препораки на Советот доставени до Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства:

- Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година,
- Реакција на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за намалување на финансиската поддршка за граѓанските организации,
- Информација за преземени мерки од страна на здруженијата и фондациите во справувањето со пандемијата COVID-19 и барање за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во соодветните „антикризни тела“,
- Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во РСМ,
- Мислење по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата и Предлог-одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата, со номинација на два члена на Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата,
- Барање до сите министерства за доставување на мислење по предлог-приоритети и активности за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Предлог-буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година,
- Известување до ресорните министерства за нереализирани активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, со барање да достават ажуриран статус на спроведување на активностите, односно образложение на причините поради кои активностите не се реализирани и рок во кој се планира нивното спроведување,
- Известување до Министерството за локална самоуправа за номинираните претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027),
- Известување до Министерството за труд и социјална политика за номинираните претставници на граѓанскиот сектор во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија,

- Известување до Главниот штаб за управување со кризи за номинираните два претставници на граѓанскиот сектор за учество во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас,
- Барање до ресорните министерства (Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за култура, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците)за номинација на нов член во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

На 24. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 2.11.2020 година, беше претставен проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, а имплементиран од CPM International OU, за период од февруари 2020 до април 2022 година. На барање на Советот, експерт ангажиран на проектот подготви Предлог за можна измена на член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија и Компаративен преглед за составот и надлежностите на телото за селекција на проекти и донесување на одлука за распределба на државните средства за граѓански организации во земјите од Западен Балкан.

## III. Номинирани претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела

Согласно Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, во текот на 2020 година Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор номинираше 15 претставници на граѓанскиот сектор во 4советодавни и работни тела:

- два членови на Советот во Комисијата за распределба на средствата по Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата, по барање на Владата,
- осум претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3, по барање на Министерството за локална самоуправа,
- три претставници на граѓанскиот сектор во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија, по барање на Министерството за труд и социјална политика,

- два претставници на граѓанскиот сектор за учество во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас, по барање на Главниот штаб за управување со кризи.

Листата на номинирани претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела е содржана во Прилог бр.1, што е составен дел на овој Извештај.

## IV. Измени во составот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во текот на 2020 година

Одделението за соработка со невладини организации достави барања до ресорните министерства за номинирање на нови членови на Советот од редот на вработените во органите на државната управа, а на 17.1.2020 година на www.nvosorabotka.gov.mk објави Јавен повик за избор на три членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите за областите "Заштита на маргинализираните лица", "Медиуми и информатичко општество" и "ЕУ интеграции и политики".Во областа „ЕУ интеграции и политики" не беше пристигната ниту една пријава на Јавниот повик.

Членовите на Советот од редот на граѓанските организации: Ирена Цветковиќ и Уранија Пировска беа назначени од Советот да присуствуваат при изготвување на извештајот за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од Јавниот повик и листата на кандидати според бројот на добиени гласови.

Со решение за назначување на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.20-2185/2 од22.10.2020 година, за членови на Советот се назначени Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини и Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија.

Министерството за финансии, со допис бр. 02-7046/1 од 5.10.2020 година, ја номинираше Ивана Билбиловска за член на Советот.

Министерството за економија, со допис бр.04-5261/2 од 7.10.2020 година, ја номинираше Елизабета Тодорова за член на Советот, поради заминување во пензија на Софија Кузмановска.

На 24. (дописна) седница, одржана на 2.11.2020 година, беше констатиран престанок на членувањето во Советот на Силвија Митева, на лично барање.

На 25. (дописна), одржана на 2.12.2020 година, беше констатиран престанок на членувањето во Советот на Александар Николов, на лично барање.

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на 26. тематска (дописна) седница, одржана на 7.12.2020 година, констатираше дека согласно член 9 став 1 алинеја 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, поради отсуство од три седници на Советот во текот на една година, се исполнети условите за престанување на членување во Советот на: Валентина Шаурек од Министерство за правда, Никица Бачовски од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ана Петровска од Министерство за здравство, Сафет Незири од Министерство за образование и

наука и Атула Касуми од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците.

Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, со допис бр. 0302-1622 од 16.12.2020 година, ја номинираше Санела Хаџибулиќ за член на Советот.

Министерството за образование и наука, со допис бр. 27-14228/2 од 22.12.2020 година, ја номинираше Билјана Трајковска за член на Советот.

Министерството за култура, со допис бр. 33-14110/1 од 25.12.2020 година, го номинираше Љуљзим Селмани за член на Советот, врз основа на констатиран престанок на членувањето во Советот на Хајрие Сопи, на 16. седница на Советот, одржана на 28.10.2019 година и доставени три писмени барања на Советот до ова министерство за номинирање на нов член.

Министерството за правда, со допис бр. 36-17/22 од 29.12.2020 година, ја номинираше Мира Димишковска за член на Советот.

Списокот на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со евиденција за нивно присуство на седниците на Советот во текот на 2020 година, се содржани во Прилог бр.2, што е составен дел на овој Извештај.

## V. Активности на Одделението за соработка со невладини организации како административно-техничка поддршка на Советот

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата се грижи за обезбедување на услови за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, му помага на претседателот на Советот во подготвувањето и организирањето на седниците на Советот, ги подготвува записниците од седниците на Советот, одржува електронска база на податоци за работата на Советот на www.nvosorabotka.gov.mk[1]каде ги објавува дневниот ред, материјалите по одделните точки од дневниот ред и записниците од седниците на Советот, се грижи за стручно-организационите прашања и за унапредување на работата на Советот.

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата ја администрираше целокупната постапка по Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата, во име на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,преку веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mkорганизираше консултативен процес за предлог-приоритетите и активностите за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за 2021 година[2] и изработи Извештај од процесот на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Во насока на продолжување на транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Одделение за соработка со невладини организации ги повика граѓанските организации активно да придонесат во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република

[1]https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/99
[2]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/463

Северна Македонија за 2021 година[3], согласно член 14 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на РМ" бр.99/11). Пристигнатите предлози се објавени на www.nvosorabotka.gov.mk како и одговорите од надлежните институции[4].

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата и Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор започнаа постапка за утврдување на потребите за изменување и/или дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ" бр.98/16 и 164/17 и „Службен весник на РСМ" бр.97/19). На www.nvosorabotka.gov.mk беше објавен повик до граѓанските организации активно да придонесат во унапредување на работата Советот, преку пополнување на електронски Прашалник[5].

Во име на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на www.nvosorabotka.gov.mk објави три јавни повици и изврши административна проверка на пријавите на граѓанските организации за учество во советодавни и работни тела: (20.7.2020 година,Јавен повик за учество на претставници на граѓанскиот сектор во Заедничките работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027)[6] на барање на Министерството за локална самоуправа,20.10.2020 година, Јавен повик за учество на два члена и еден набљудувач од здруженија и фондации во Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија[7] на барање на Министерството за труд и социјална политика и 24.11.2020 година,Јавен повик за учество на два претставници на здруженија и фондации во работата на Главниот штаб за управување со кризи, без право на глас[8] на барање на Главниот штаб за управување со кризи.

---

[3]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/438
[4]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/77
[5]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/443
[6]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/434
[7]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/449
[8]https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/455

ПРИЛОГ 1:

| НОМИНИРАНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО СОВЕТОДАВНИ И РАБОТНИ ТЕЛА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Орган на државна управа** | **Име на советодавно/работно тело** | **Член** | **Граѓанска организација** | **Заменик член** | **Граѓанска организација** | **Датум на номинирање од Советот** |
| 1. | Влада на Република Северна Македонија | Комисија за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата | **Уранија Пировска** | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | | | 5.6.2020<br><br>(21. дописна седница) |
| | | | **Јане Чаловски** | Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје | | | |
| 2. | Министерството за локална самоуправа | Заеднички работни групи за програмите за прекугранична соработка во рамки на ИПА 3 (2021-2027) | **Светлана Петковска-** *(Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Албанија 2021-2027 во рамки на ИПА 3)* | Организација на жени на Општина Битола-Битола | / | / | 24.9.2019<br>(23. седница) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Сања Ристиќ** *(Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Косово 2021-2027 во рамки на ИПА 3)* | СМАРТ АП-Лабораторија за социјални иновации-Скопје | / | / | |
| | | | **Ивана Петровска** *(Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Србија 2021-2027 во рамки на ИПА 3)* | Подружница на Асоцијација на агенции за локална демократија АЛДА-Скопје | **Арсенија Дејаноска-Сарагинова** | Здружение за значење на еколошкото образование за осовременување на образовниот процес ЗЕОООП-Скопје | |
| | | | **Игор Георгиев** (*Програма за прекугранична соработка* | Центар за одржлив развој ЕЛИПСА-Куманово | **Ивана Балабанова** | Здружение на граѓани за образование и обука од областа | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Република Северна Македонија – Република Бугарија 2021-2027 во рамки на ИПА 3*) | | | на танцот и културно-уметнички активност БИТРИКС КРУ-Скопје | |
| | | | **Ацо Ристовски** *(Програма за прекугранична соработка Република Северна Македонија – Република Грција 2021-2027 во рамки на ИПА 3)* | Фондација Аполонија-Гевгелија | **Горан Саздов** | Здружение за одржлив развој на регионот Мариово с. Витолиште-Прилеп. | |
| 3. | Министерството за труд и социјална политика | Заеднички консултативен комитет за граѓанското општество на Европската Унија и Република Северна Македонија | **Благица Петрески** *(член)* | Финанце Тхинк - Институт за економски истражувања и политики Скопје | **Зоран Илиески** *(набљудувач)* | Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп | 2.11.2020 (24. дописна седница) |
| | | | **Данче Даниловска–Бајдевска**, (член) | Фондација Отворено општество – Македонија | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Главен штаб за управување со кризи | Главен штаб за управување со кризи, учество во работата без право на глас | **Уранија Пировска** | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | | | 2.12.2020 (25. дописна седница) |
| | | | **Зоран Дранговски** | Македонско здружение на млади правници Скопје. | | | |

## ПРИЛОГ 2:
## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

| Решение за назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-3999/1 од 3.04.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.66/18) |
|---|
| Членови од редот на вработените во органите на државната управа:<br>- Славјанка Петровска (Министерство за внатрешни работи)<br>- Миљазим Мустафа (Министерство за правда)<br>- Катерина Јовчевска (Министерство за финансии)<br>- Софија Кузмановска (Министерство за економија)<br>- Маја Лазареска Јовеска (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)<br>- Ангелина Бачановиќ (Министерство за здравство)<br>- Сафет Незири (Министерство за образование и наука)<br>- Душан Томшиќ (Министерство за труд и социјална политика)<br>- Ели Чакар (Министерство за локална самоуправа)<br>- Гордана Ивановска Велковска (Министерство за култура)<br>- Сашо Секуловски (Министерство за животна средина и просторно планирање)<br>- Гордана Гапиќ-Димитровска (Министерство за информатичко општество и администрација)<br>- Христина Конеска-Бероска (Секретаријат за европски прашања)<br>- Суеда Бајрами (Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор)<br><br>На предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации:<br>- Фани Каранфилова-Пановска (Фондација Отворено општество-Македонија Скопје -област: Развој на граѓанскиот сектор,<br>- Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје – област: Демократија и владеење на правото)<br>- Уранија Пировска (Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје – област: Промоција и заштита на човековите права и антидискриминација)<br>- Марјан Николов (Центар за економски анализи Скопје – област: Економски и одржлив развој)<br>- Мимоза Богданоска-Јовановска (Македонско научно друштво Битола – област: Наука, образование и доживотно учење)<br>- Зоран Илиески (Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп – област: Млади)<br>- Марио Јанчев (Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје – област: Социјална заштита и заштита на деца)<br>- Јасна Мандиќ (Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје – област: Заштита на маргинализираните лица) |

- Ирена Цветковиќ (Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје – област: Родова еднаквост,
- Елизабета Божиновска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје – област: Заштита на здравјето)
- Лилјана Јоноски (Здружение Рурална коалиција Куманово – област: Земјоделство и рурален развој)
- Јане Чаловски (Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје – област: Култура)
- Бесим Небиу (Здружение на новинарите на Македонија Скопје – област: Медиуми и информатичко општество)
- Ана Чоловиќ-Лешоска (Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје – област: Заштита на животната средина)
- Силвија Митевска (Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје – област: Спор)т
- Андреја Стојковски (Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје – област: ЕУ интеграции и политики)

**Решение за назначување член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр. 24-6481/1 од 26.06.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.123/18)**

- Дарко Каевски, од редот на вработените во органите на државната управа (Агенција за млади и спорт)

**Решение за разрешување и назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-10871/1 од 4.12.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.228/18)**

Од должноста членови на Советот се разрешуваат:

- Катерина Јовчевска
- Андреја Стојковски

За членови на Советот се назначуваат:

- Виктор Митевски, од редот на вработените во органите на државната управа (Министерство за финансии)
- Љупчо Петковски, на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии – област: ЕУ интеграции и политики)

**Решение за разрешување и назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-1739/4 од 21.5.2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.110/19)**

| |
|---|
| Од должноста членови на Советот од редот на вработените во органите на државната управа се разрешуваат:<br>- Маја Лазареска Јовеска<br>- Суеда Бајрами<br>- Гордана Ивановска Велковска |
| За членови на Советот од редот на вработените во органите на државната управа се назначуваат:<br>– Андријана Велевска (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)<br>– Атула Касуми (Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците)<br>– Хајрије Сопи (Министерство за култура) |
| **Решение за разрешување и назначување член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-6850/1 од 3.9.2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.187/19)** |
| Од должноста член на Советот од редот на вработените во органите на државната управа се разрешува:<br>- Миљазим Мустафа |
| За член на Советот од редот на вработените во органите на државната управа се назначува:<br>– Валентина Шаурек ( Министерство за правда) |
| **Решение за разрешување и назначување членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.24-9981/2 од 16.12.2019 година („Службен весник на РСМ“ бр.263/19)** |
| Од должноста членови на Советот се разрешуваат:<br>а) од редот на вработените во органите на државната управа:<br>- Славјанка Петровска<br>- Дарко Каевски<br>- Андријана Велевска<br>- Ангелина Бачановиќ<br><br>б) на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации<br>- Марјан Николов |
| За членови на Советот се назначуваат:<br>а) од редот на вработените во органите на државната управа: |

| |
|---|
| - Јасминка Ангелова (Министерство за внатрешни работи)<br>- Томислав Андоновски (Агенција за млади и спорт)<br>- Никица Бачовски (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)<br>- Ана Петровска (Министерство за здравство )<br><br>б) на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации<br>- Александар Николов (Асоцијација на развојни иницијативи Зенит Скопје – област: Економски и одржлив развој) |
| **Решение за разрешување членови и назначување член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр. 20-587 /2 од 10.02.2020 година („Службен весник на РСМ“ бр.44/20)** |
| Од должноста членови на Советот се разрешуваат:<br>- Бесим Небиу (Здружение на новинарите на Македонија Скопје – област: Медиуми и информатичко општество)<br>- Мимоза Богданоска-Јовановска (Македонско научно друштво Битола – област: Наука, образование и доживотно учење)<br>- Јасна Мандиќ (Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје – област: Заштита на маргинализираните лица)<br>- Љупчо Петковски (Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии – област: ЕУ интеграции и политики) |
| За член на Советот се назначува:<br>- Теодора Столевска (Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје – област: Наука, образование и доживотно учење) |
| **Решение за назначување на членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр. 20-2185/2 од 22.10.2020 година („Службен весник на РСМ“ бр. 257/20)** |
| За членови на Советот се назначуваат:<br>- Наташа Бошкова (Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје – област: Заштита на маргинализираните лица)<br>- Снежана Трпевска (Здружение на новинарите на Македонија Скопје – област: Медиуми и информатичко општество) |

| | ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ ВО 2020 ГОДИНА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Член на Советот** | **Институција /Здружение** | **26 и 27.3.2020 (19. дописна)** | **16.4.2020 (20. дописна)** | **5.6.2020 (21. дописна)** | **19.6.2020 (22. дописна)** | **24.9.2020 (23)** | **2.11.2020 (24. дописна)** | **2.12.2020 (25. дописна)** | **7.12.2020 (26. дописна)** | **28.12.2020 (27. дописна)** |
| 1 | **ЈАСМИНКА АНГЕЛОВА** | Министерство за внатрешни работи | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 2 | **МИРА ДИМИШКОВСКА (номинирана на 29.12.2020) ВАЛЕНТИНА ШАУРЕК** (констатиран престанок на 26. тематска (дописна) седница, одржана на 7.12.2020 година) | Министерство за правда | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Нема член |
| 3 | **ИВАНА БИЛБИЛОБСКА**(номинирана на 5.10.2020) | Министерство за финансии | нема член | нема член | нема член | нема член | нема член | Учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а |
| 4 | **ЕЛИЗАБЕТА ТОДОРОВА** (номинирана на 7.10.2020 година) **СОФИЈА КУЗМАНОВСКА** (во пензија) | Министерство за економија | Учествувал/а | нема член | нема член | нема член | нема член | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 5 | **НИКИЦА БАЧОВСКИ** (констатиран престанок на 26. | Министерство земјоделство, шумарство и | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Отсутен/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Нема член |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тематска (дописна) седница, одржана на 7.12.2020 година) | водостопан-ство | | | | | | | | | |
| 6 | **АНА ПЕТРОВСКА** (констатиран престанок на 26. тематска (дописна) седница, одржана на 7.12.2020 година) | Министерство за здравство | Учествува л/а | Учествува л/а | Не учествува л/а | Не учествувал /а | Отсутен/ а | Не учествувал/ а | Не учествувал /а | Не учествува л/а | Нема член |
| 7 | **БИЛЈАНА ТРАЈКОВСКА** (номинирана на 22.12.2020 година)**САФЕТ НЕЗИРИ** (констатиран престанок на 26. тематска (дописна) седница, одржана на 7.12.2020 година) | Министерство за образование и наука | Не учествува л/а | Не учествува л/а | Не учествува л/а | Не учествувал /а | Присуте н/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Учествува л/а | Учествув ал/а |
| 8 | **ДУШАН ТОМШИЌ** | Министерство за труд и социјална политика | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а (технички пречки при гласање) | Учествувал /а | Присуте н/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Не учествува л/а | Учествув ал/а |
| 9 | **ЕЛИ ЧАКАР** | Министерство за локална самоуправа | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествувал /а | Присуте н/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Учествува л/а | Учествув ал/а |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | **ЉУЉЗИМ СЕЛМАНИ** (номиниран на 25.12.2020 година) | Министерство за култура | нема член | нема член | нема член | нема член | нема член | нема член | нема член | нема член | нема член |
| 11 | **САШО СЕКУЛОВСКИ** | Министерство за животна средина и просторно планирање | Учествувал/а | Учествувал/а | Не учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 12 | **ГОРДАНА ГАПИЌ-ДИМИТРОВСКА** | Министерство за информатичко општество и администра-ција | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Не учествувал/а | Учествувал/а |
| 13 | **ХРИСТИНА КОНЕСКА БЕРОСКА** | Секретаријат за европски прашања | Учествувал/а | Не учествувал/а | Учествувал/а (технички пречки при гласање) | Учествувал/а | Отсутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 14 | **САНЕЛА ХАЏИБУЛИЌ** (номинирана на 16.12.2020 година) **АТУЛА КАСУМИ** (констатиран престанок на 26. тематска (дописна) седница, одржана на 7.12.2020 година) | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | Учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Отсутен/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | **ТОМИСЛАВ АНДОНОВСКИ** | Агенција за млади и спорт | Учествувал/а | Учествувал/а | Не учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 16 | **ФАНИ КАРАНФИЛОВА ПАНОВСКА** | Фондација Отворено општество-Македонија Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 17 | **САБИНА ФАКИЌ** | Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 18 | **УРАНИЈА ПИРОВСКА** | Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 19 | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВ** Констатиран престанок на членувањето во Советот на25. (дописна) седница, одржана на 2.12.2020 година, на лично барање. | Асоцијација за развојни иницијативи – ЗЕНИТ Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Не учествувал/а | Нема член | Нема член | Нема член |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | **ТЕОДОРА СТОЛЕВСКА** | Младински образовен форум Скопје | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а (гласано по истек на рок) | Не учествувал /а | Присуте н/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Учествува л/а | Учествув ал/а |
| 21 | **ЗОРАН ИЛИЕСКИ** | Коалиција на младински организации Сега Прилеп | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествувал /а | Учествув ал/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Не учествува л/а | Учествув ал/а |
| 22 | **МАРИО ЈАНЧЕВ** | Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а | Не учествувал /а | Замена Васка Драшков иќ | Учествувал/ а | Учествувал /а | Учествува л/а | Учествув ал/а |
| 23 | **НАТАША БОШКОВА** | Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализир ани заедници Маргини Скопје | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествувал /а | Присуте н/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Учествува л/а | Учествув ал/а |
| 24 | **ИРЕНА ЦВЕТКОВИЌ** | Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествувал /а | Присуте н/а | Учествувал/ а | Учествувал /а | Учествува л/а | Учествув ал/а |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | **ЕЛИЗАБЕТА БОЖИНОСКА** | Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Не учествувал/а | Учествувал/а |
| 26 | **ЛИЛЈАНА ЈОНОСКИ** | Здружение Рурална коалиција Куманово | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 27 | **ЈАНЕ ЧАЛОВСКИ** | Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Замена Јованка Попова | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 28 | **СНЕЖАНА ТРПЕВСКА** | Здружение на новинарите на Македонија Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Присутен/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а |
| 29 | **АНА ЧОЛОВИЌ ЛЕШОСКА** | Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Учествувал/а | Отсутен/а | Учествувал/а | Не учествувал/а | Не учествувал/а | Учествувал/а |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **30** | **СИЛВИЈА МИТЕВСКА** Констатиран престанок на членувањето во Советот на 24. (дописна) седница, одржана на 2.11.2020 година, на лично барање. | Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествува л/а | Учествувал /а | Присуте н/а | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член |
| **31** | | ЕУ интеграции и политики | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член | Нема член |